Елица МАНЕВА

**УДК: 391.92(697.7-22)„14“**

# ВОДОЧКА ВАРИЈАНТА НА КРУЖНИ НАУШНИЦИ ОД КРАЈОТ НА XV ВЕК

**Кратка содржина**

*Од пространата некропола откриена на комплексот Водочки цркви – Св. Леонтиј, село Водоча кај Струмица, од гробот 909, потекнува чифт наушници коишто, поради уникатниот изглед и декорацијата претставуваат специфична, Водочка варијанта на т.н. кружен тип. Најблиска аналогија за нив се примероците што се насликани на портретот на ктиторката Милица од манастирот Матка крај Скопје, од 1497 година. Притоа, не се исклучува можноста водачките наушници да биле во употреба или да доспеале под земја во текот на XVI век.*

*Декорацијата на водочките наушници засега е единствена. На лицевите страни е претставен волк со хералдичка конотација, во своето примарно значење. Дополнително, овој мотив е надграден со фолклорно сиже од доменот на хтонско-лунарната митска симболика.*

*Волкот, со мали измени (особено во опашот), се среќава како дел од комплетна хералдичка претстава (со штит, бодеж и натпис) врежан на главата од прстен-печатник од крајот на XIV век, откриен во гробот 196, од Водоча.*

*Останува отворено прашањето дали се работи за припадници на исто семејство.*

*Извесно е дека инвентивен мајстор ги направил наушниците, според манирот и модата посведочени кон крајот на XV век, за дама од видно семејство, од овие простори.*

*На тој начин, се согледува и континуитетот на раскошните, доцносредновековни, велмошки предлошки на наушници од кружен тип коишто се инфилтрирале во фолклорните форми зачувувајќи ја хералдичката традиција, но, истовремено, напојувајќи се со живописната енергија од народните верувања.*

***Клучни зборови:*** *НЕКРОПОЛА ОД ВОДОЧА, КРУЖНИ НАУШНИЦИ, ВОДОЧКА ВАРИЈАНТА, КТИТОРКАТА МИЛИЦА ОД МАТКА, ВОЛК, ХЕРАЛДИКА, ХТОНСКО-ЛУНАРНИ ВЕРУВАЊА.*

Во периодот од 1979 до 2003 година, археологот Јован Ананиев ја истражуваше пространата некропола на *Комплексот Водочки цркви, Св. Леонтиј*, село Водоча, кај Струмица.[1] Со 1081 откриени гробови, некрополата се вбројува меѓу најголемите, не само во Македонија туку и пошироко.[2] Фактот дека таа егзистирала од средновековието, па сè до XX век, од неа прави значаен репер за изучување на многу феномени врзани со континуитетите во животот на една популација во текот на речиси цел милениум.

Поради својот необичен, релативно богат и често сосема непознат археолошки материјал што се откри со ископувањата во Водоча, оваа некропола стана епонимен локалитет за досега непроучената, но мошне интересна етапа од македонската археологија, за материјалната култура од времето што уште се нарекува и *турско средновековие на Македонија* (XV–XVIII век).[3]

Селото Водоча е сместено во подножјето на планината Еленица, на 4 км западно од Струмица, на влезот во клисурата од реката Водочница. Некрополата се простира околу црквата Св. Леонтиј којашто има повеќе архитектонски и сликарски фази од средновековниот период.[4]

---

[1] Нејзиниот прв истражувач бил Васил Лахтов кој ги започнал работите во 1961–1962 година, додека во 1973 и во 1974, истражувајќи ги црковните објекти, археолошки зафати презел и Петар Миљковиќ–Пепек. П. Миљковиќ–Пепек, *Водоча*, Скопје 1975, 19, 20, сл. 1, 2. Последните ископувања на некрополата во Водоча ги реализирал Ване Секулов во 2004 година, откривајќи уште 23 гроба.

[2] Според заветот што беше ми го оставил мојот колега и пријател Јован Ананиев (1947–2003) да се погрижам за натамошната обработка на материјалите од неговите ископувања, уште во текот на 2003 година, се отпочна со финализацијата на работите врз наодите од некрополата во Водоча. До почетокот на 2005 година, завршена е конзервацијата, техничката и фотодокументацијата, а во тек се и анализите на скелетните и на текстилните остатоци, каталогизацијата и компјутерската обработка. За помошта и за реализацијата на наведените работи им изразувам голема благодарност на: Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, Нумизматичкиот отсек на Народна банка на Македонија, Музеј на Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата и на Технолошки факултет од Скопје. Во екипата беа вклучени и магистранти, дипломирани археолози и студенти на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет – Скопје: Давча Спасова, Билјана Бозароска, Бранко Павловски, Дончо Наумовски, Евица Тасеска и Марија Арсовска.

[3] Е. Манева, Пролегомена за археологијата на турското средновековие од Македонија, Осврт на некрополата од Водоча кај Струмица, *Зборник на трудови 2* (На Јован Ананиев – in memoriam), Струмица 2005 (во печат).

[4] П. Миљковиќ–Пепек, *Водоча*, op.cit., 19, 20, сл. 1,2.

Турските пописни дефтѐри приопштуваат интересни детали за животот и улогата на водочкиот манастир во постсредновековниот период.[5]

Резултатите од досегашните археолошки истражувања на некрополата се малку познати.[6]

Класификацијата, документирањето, конзерваторските работи и сеопфатните анализи на наодите од некрополата во Водоча, сѐ уште траат. Меѓутоа, од увидот во состојбата со движните предмети, може да се заклучи дека доминантен археолошки материјал е накитот како, впрочем, и кај сите христијански некрополи од Македонија, било да станува збор за средновековната фаза којашто во Македонија, е проучувана и релативно позната,[7] или за онаа од XV–XVIII век што е делумно или сосема малку истражена.[8]

Состојбата со наодите од најмладата фаза на некрополата од Водоча од XIX и првата половина на XX век, е нешто поизменета

---

[5] А. Стојановски, Неколку нови податоци за струмичките манастири во XVI век, *Acta Veljusa,* Скопје 1984, 185–188.

[6] Ј. Ананиев, Водоча, црква Св. Леонтие – Водоча, Средновековна некропола, *Arheološki pregled 28 (1987), Ljubljana 1989, 185, 186; Id.,* Археолошки ископувања на црквата Св. Леонтиј во с. Водоча 1986–1990 год., *Кулшурно наследсшво* 17–18 (1900–1991), Скопје 1994, 57–64; Ј. Ананиев, М. Ивановски, Средновековно оружје од комплексот Водочки цркви кај Струмица, *Maced. Acta Archaeol.* 14 (1993–1995),Скопје 1996, 225–230.

[7] Е. Манева, *Средновековен накиш од Македонија,* Скопје 1992, со цитирана опсежна литература.

[8] Некрополи во кои е откриен накит од XV–XVIII век се познати од околината на Маркови Кули – Варош, Прилеп (*Пошкули, Маркови Кули, Гробишша* и околу црквите *Св. Никола, Св. Димишрија, Св. Ашанас, Св. Јован),* во Мариово, во село Манастир *(Св. Никола), Тиквеш – Шакалица,* село Ресава, *Црквишше –* Демир Капија, *Јака чешма* – Тремник, Неготино, Кртово *(Исшочен дел на ірадош),* Скопје (*Јашар–беіов Конак), Црквишше* – Мородвис, Кочани, *Тумба - Средсело,* Могила, Битола, *Самуилова шврдина* и *Плаошник* – Охрид, *Оршацамија* и *Водоча* – Струмица; Б. Бабиќ, *Машеријалнаша кулшура на Македонскише Словени во свешлинаша на археолошкише исшражувања во Прилей,* Прилеп 1986, 106–134, 185–195; Б. Китаноски, Средновековна некропола во с. Манастир, *Зборник – Бошко Бабиќ,* Прилеп 1986, 115–118; B. Aleksova, Prosek - Demir Kapija, Skopje 1966, T. VIII, 1; Id. Наоди од средновековните гробови во Кратово, *Гласник на ИНИ,* бр. 1, Скопје 1957, 7-30; Id., Еден нов наод од Скопје, *Зборник на Арх. музеј* (1955–1956), Скопје 1956, 3–4; К. Трајковски, Morobisdon, Crkovni kompeks sa nekropolom, *Arheološki pregled (1985),* Ljubljana 1986; М. Мандиќ, Прилог кон проучувањето на некрополите, *Зборник – Бошко Бабиќ,* Прилеп 1986, 147–150. М. Атанасова, *Духовнише шрадиции на Тивериойол,* Струмица 2003; Е. Манева, *Средновековен накиш,* op.cit., 95–102; 119, 126, 133, 136, 138, 147, 169, 186–208, 220, 227–228 etc;

така што во неа се застапени повеќе остатоци од облека и од обувки покрај вообичаеното, но е многу поретко присуството на накитот, на монети, на предмети за секојдневна употреба и сл.

Фокусирајќи го вниманието на накитот од периодот XV–XVIII век којшто за прв пат можеше стратиграфски да се согледа на едно место, беа издвоени неколку многу раритетни и мошне значајни примероци.

Своевиден куриозитет претставува наодот на чифт кружни наушници на коишто е прикажан мотивот на волк, со хералдички предзнак во концепцијата.

По својот изглед, односно декорацијата, се чини дека тие се единствен или барем прв наод од ваков вид и, според тоа, со право можат да се наречат *водочка варијанта* на наушници од кружен тип. **Сл. 2–5**.

Наушниците ги носат теренските инвентарни броеви 2264а и 2264б. Откриени се на 06.10.2000 година во гробот 909, како единствен археолошки наод. Лоцирани се во пределот на главата (долната вилица) од слабо зачуваниот детски скелет.[9] **Сл. 1.**

За одбележување е дека, на повеќе места по површината на наушниците, се зачувани (залепени и оксидирани врз металната подлога) остатоци од фина текстилна ткаенина, веројатно од покривалото за глава.

Наушниците се изработени од тенка, бакарна ламарина.

Дим: D-20 мм; дебелина 6 мм; пресек на ламарината 0,5 мм; перфорација за прикачување 2 мм.

Тие се составени од по две кружни површини одвоени една од друга така што се прицврстени на рабовите со неукрасена, кружно свиена лента, долга колку што е обемот на кружницата, а широка 0,6 мм, колку и дебелината на наушницата.

Сите тие елементи, заедно (двете кружни површини и кружно свиената лента) го оформуваат корпусот на наушниците којшто има изглед на плоснат цилиндер. Врз надворешната страна на работ, односно врз лентата што ги спојува двете странични повр-

[9] Според соопштението од д-р Фаница Вељановска, антрополог од Музејот на Македонија, во 2000 година, биле извршени експертизи in situ на севкупниот остеолошки материјал, откриен на некрополата во Водоча. Трошните детски скелети, каков што бил и оној од гробот 909, не биле подигнати, така што, денес, до нас доспеале само цртежите, без други подробности.




Сл. 1.
Гробот 909, од Водоча – по отворањето
Illustration 1. Grave 909 at Vodoča after the opening

шини од наушниците, биле прилепени по три шупливи цевчиња, со декоративна улога, исто така, од ламарина.[10]

Наушниците, изгледа, не биле протнати во ушните ресички, туку, се чини, виселе покрај нив закачени на покривалото за глава? Нема индиции ниту за изгледот ниту за материјалот од којшто биле направени теглињата за прикачување. Во секој случај, тоа биле некој вид клиски што се провирале низ перфорацијата на горниот дел од наушниците. **Сл. 5.**

Кај едниот примерок (инв. бр. 2264б), забележано е присуство на слој од смолеста материја со којшто била исполнета внатрешната празнина. Со тоа, пред сè, требало да се спречи оштетувањето (деформирање или виткање) на овие кревки парчиња накит.

Не е исклучено, оваа материја чијшто хемиски состав сè уште не е растолкуван, да имала и други значења како амулетски, профилактички, исцелителски или козметички – со ароматски ефекти итн.

Според морфолошките карактеристики, наушниците припаѓаат на првата група од кружниот тип каде што украсниот дел е оформен како полн круг, додека во втората група, кругот има разновидни исечоци во горниот дел така што се разликуваат и повеќе варијанти (со рамно, лачно, полукружно, кружно или триаголно одземен горен дел итн.).[11]

Кружните наушници и нивните многубројни варијанти се омилени во периодот меѓу XIV и XVI век, кога се потврдени во сигурно датирани археолошки наоди од закопани депоа од просторите на Русија, Панонија па сè до Медитеранот (Сицилија).[12] Притоа, одделни варијанти или вариетети можат да се следат и

---

[10] Слична конструкциска шема во обликувањето на кружниот надворешен раб, со додавање метални цевчиња или со други апликативни украсни елементи, се среќаваат и кај типови и варијанти од кружните наушници оние од типот Курбиново и останатите еклектички форми од луксузниот или народниот накит од XIV–XV, а потоа и до XVIII век. На тој начин, се имитирале скапоцените украси од раскошните доцносредновековни примероци, од зрачестите или од кружните наушници. Е. Манева, *Средновековен накит,* op.cit., Т. 22, 24, 25 etc.

[11] Б. Алексова, Округли наушници од Демир Капија, *Гласник на ИНИ,* бр. 1, Скопје 1957, 47–56; Id., Наоди од Кратово, op.cit., 7–30; Б. Радојковић, *Накит код Срба од XII до краја XVIII века,* Београд 1969, 132.

[12] Б. Алексова, Наоди од... Кратово, op. cit., 12, n. 9–14.

од порaниот период, од една страна, но од друга, и до XVIII, па дури и до почетокот на XX век, во фолклорниот накит.[13]

Кружните наушници што ги носеле претставничките на благородништвото и на највидното граѓанство се раскошни примероци од племенити метали, со додатоци од украсни камења, изработени во скапоцени изведбени техники (филигран, гранулација и сл.).

Меѓу најрепрезентативните археолошки наоди од XIV век се златните примероци од богатото депо откриени во *Оризари* кај Кочани,[14] додека во XV век се датира златниот наод од *Кратово.*[15]

Од некрополата кај црквата *Св. Никола* – Варош, Прилеп, како и од две непознати неоѓалишта (сега сопственост на Етнолошкиот оддел од Музејот на Македонија), потекнуваат маркантно изработени, мошне масивни, сребрени примероци на варијанти од кружните наушници датирани во XVII век.[16] Украсните делови кај овие примероци имаат конкавни, испакнати странични површини, со облик на леќа.[17] Терминот *наушници-катанци* се употребува за кружните типови со испакнати лицеви страни и со облик на корпусот во вид на леќа. Тие се застапени најчесто со масивни и обично пренакитени примероци, во репертоарот на фолклорниот накит од XVI до XVIII век.

---

[13] М. Бирташевић, Збирка средњовековног и касног народног накита из Дубовца, *Рад Војвођанских музеја* 10, Нови Сад 1961, 29; Р. Пешева–Попова, Старинни Български наушници и обици, *Известия на Етнографския институт и музей*, Кн. V, София 1962, 83–88, 116, обр. 16–21а; Б. Радојковић, *Накит код Срба*, op. cit., кат. бр. 179-189.

[14] Р. Поленаковиќ–Стеиќ, Еден редок средновековен наод од. с. Горно Оризари кај Кочани во Македонија, *Гласник на Етнолошкиот музеј* бр. 2, Скопје 1965, 10–12, сл. 5, 6; Е. Манева, *Средновековен накит,* op. cit., 138, Т. 25, 24/22 аб, Т. 102 со цитирана опширна литература

[15] Б. Алексова, Наоди од… Кратово, op. cit., 8, Т. 1, 1а, 2, 2а; Id., *Prosek – Demir Kapija*, op. cit., T. IX, 45; Е. Манева, *Средновековен накит*, op. cit., 139, Т. 25, 26 / 1аб; Т. 102.

[16] Е. Манева, *Средновековен накит*, op. cit., Т. 28, 65/8аб; Т. 38, М/2аб; Т. 38, М/3аб.Б. Иванић, *Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века, Каталог збирке Уметност под турском влаш•у,* Народни музеј, Београд 1995, 65-72.

[17] Терминот *наушници-катанци* се употребува за кружните типови со испакнати лицеви страни и со облик на корпус во вид на леќа. Тие се застапени најчесто со масовни и обично пренакитени примероци во репертоарот на фолклорниот накит од XVI до XVIII век.

Б. Иванић, *Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века, Каталог збирке Уметност под турском влашћу*, Народни музеј, Београд 1995, 65-72.

Наушници чијшто украсен дел е во облик на плоснат цилиндер, аналогно на конструкцијата на водочките наоди, но со триаголен исечок во горниот дел, се откриени во гробовите 388 и 245, во некрополата *Црквиште* - Демир Капија и во гробот 11 во *Манастир,* Мариово. Тоа се претставници на народниот накит од поодминатиот XV век.[18]

Но, сите досега споменати примероци имаат потковичести теглиња коишто, на две места, биле сврзувани со шарнири (или со шарнир и кука) за украсниот дел од наушницата. Наушниците од гробот 909 од Водоча, освен што се во облик на полн круг (односно на плоснат цилиндер) имаат само една мала перфорација за клиската со која се прикачувале. **Сл. 2–5.**

Покрај археолошките и етнографските наоди, податоци за кружните наушници има и во архивската граѓа, како и на фрескоживописот.[19]

При обновувањето на црквата во Матка, во 1497 година, насликани се ктиторските портрети на Милица и на нејзиниот син Никола, видни граѓани од Скопје. Ктиторката на главата има вел од фин текстилен материјал што ѝ паѓа врз грбот, а во него, покрај ушите, се прикачени и висат кружни наушници. Тоа е поедноставен облик, во форма на круг, но, за жал, со недоволно видлива декорација.[20] **Сл. 6.**

По својот изглед и по начинот на употеба, наушниците од Водоча најблиска аналогија имаат со оние што се насликани на портретот на ктиторката Милица. Оттука и нивното датирање се определува кон крајот на XV век не исклучувајќи ја можноста тие да се употребувале или да доспеале под земја и во текот на XVI век.[21]

---

[18] Е. Манева, *Средновековен накит*, op. cit., 58, Т. 24, 31/100; Т. 24, 31/78аб, Т. 24, 69/3, со наведена постара литература.

[19] Кружни наушници се забележани на фрескоживописот, особено кај ктиторските портрети на дамите од највисоките социјални слоеви: кај Симонида од Старо Нагоричане, кај Јелена од Лесново, Св. Никола Болнички – Охрид и од Дечани и Бела Црква Каранска, кај ктиторката од Кремиковци, од Матка; Ј. Ковачевић, *Средњовековна ношња балканских Словена,* Београд 1953, 144–146, сл. 75.

[20] Г. Суботиќ, *Охридската сликарска школа од XV век,* Охрид 1980, сл. 104.

[21] Кружните наушници имаат и соодветен превод и етничка атрибуираност во средновековните пишувани извори. Во архивските документи, дубровничките писари ги нарекувале наушници *ad modum slavicum,* додека за скапоцениот депозит на хумскиот велмож Ненцо Чихориќ, од 1376, се вели дека содржел и... *cercellorum auri rotundorum sclavicorum...* односно... *кружни словенски наушници од злато...* Ј. Ковачевић, *Средњовековна ношња,* op. cit., 144, n. 392.




Сл. 2.
Делови од наушницата со инв. бр. 2264а
Illustration 2. Fragments of earring, Inv.no. 2264a




Сл. 3.
Делови од наушницата со инв. бр. 2264б
Illustration 3. Fragments of earring, Inv.no. 2264b




Сл. 4.
Скици на деловите од наушниците од гробот 909
(Цртеж, Давча Спасова)
Illustration 4. Drawing of fragments of earrings from grave 909
(drawing by Davča Spasova)




Сл. 5.
Идејна реконструкција на наушниците од гробот 909
(Цртеж, Давча Спасова)
Illustration 5. Reconstruction of earrings from grave 909
(drawing by Davča Spasova)

За разлика од примероците од ктиторската композиција од манастирот во Матка, каде што декорацијата не е доволно јасна или само се насетува,[22] водочките наушници имаат добро издиференцирана орнаментика. **Сл. 2–6.**

Всушност, најочебијните сигнали што овие наушници ги емитувале се ликовните претстави на кружните лицеви страни од корпусот, лесно видливи и за околината.

Во техниката на исчукување врз единствен калап-матрица, употребен четири пати (2x2 за двете кружни страни на наушниците) прикажан е волк во специфично опкружување. Волкот е претставен целосно, во профил, како се придвижува, со една испружена, предна нога. На надворешната страна од наушницата, тој е прикажан како оди напред, а на внатрешната, онаа што стоела покрај главата (увото, образот или вратот), неговото движење е во спротивна насока. (Тоа, покрај останатото може да значи дека постоел само еден калап – матрица за исчукување на декоративната претстава).

Волчешките шепи се нагласени навестувајќи ја потенцијалната агресивност, ушите му се начулени нагоре, главата хоризонтално подадена напред, а муцката, со силни челусти, е широко отворена. Опашката му е рамно испружена, а потоа се свиткува продолжувајќи во спротивната насока над неговото тело престорувајќи се во гранка со две речиси кружно завиени ветки и завршувајќи со врвот покрај неговата глава. Целата композиција е врамена со круг којшто го означува работ на калапот. Празните простори под вратот, околу нозете и над грбот од волкот се исполнети со полутопчести испакнатинки чијашто улога може да биде декоративна, за пополнување на „празниот простор", но, исто така, можат да значат и илустрација на извесен амбиент. **Сл. 2-5.**

Пред да се пријде кон подробна анализа на наведената претстава, треба да се напомене дека одделни ликовни мотиви од вообичаениот репертоар на доцносредновековни амблеми или хералдички претстави се среќаваат кај дел од накитот откриен во некрополата од Водоча. Во тој поглед, посебно внимание привлекуваат прстените меѓу коишто има и впечатливи хералдички примери.

---

[22] Не претендирајќи на сигурност во констатацијата, може да се наведе дека сликаниот мотив на наушниците од Матка, изведен со бела боја, претставува птица (орел? двоглав?) со раширени крилја, додека наоколу, во низа, се наредени бели точки од бисери (?) или од емајл (?).



Сл. 6.
Ктиторката Милица од Манастирот Матка, крај Скопје (1497)
Illustration 6. Portrait of donor Milica at the Monastery of Matka near Skopje (1497)

Во еден случај, композицијата прикажана на горната површина од главата на масивен, сребрен прстен, претставува комплетен грб чии елементи се: волк, штит и бодеж, а сето тоа е обиколено со натпис.[23] **Сл. 7.**

Според изработката и морфолошките карактеристики, наведениот прстен им припаѓа на велмошките примероци од последните децении на XIV век.[24] Тоа е квалитетен примерок на прстен-печатник, на чијашто глава е прикажан семејниот грб на видна благородничка фамилија од овие области.

Оставајќи го настрана постудиозното толкување на овој извонреден наод, за оваа пригода, вниманието се насочува кон еден детаљ од хералдичката претстава – кон мотивот на волк. И во овој случај, тој е прикажан како целосна фигура во движење и во профил, со нагласени шепи-канџи, со раширени челусти, но со глава вертикално поставена во однос на трупот и со мал водорамна опашка. **Сл. 7.**

Мотивот на волк (глава, горен дел или цела фигура, во различни позиции) е еден од почестите, меѓу многубројните претстави на лични амблеми или на семејни грбови забележани во доцното средновековие (XIII-XIV) и вековите што следат по османлиските освојувања, на овие и на околните простори. Тоа најдобро се согледува преку нумизматичкиот материјал којшто е релативно богат и добро познат на научната јавност, а речиси секогаш ги прикажува и ознаките: амблемот или грбот на оној кој го нарачал нивното ковање, како што е вообичаено и за другите предмети во негова сопственост.[25]

Волкот, со своите атрибути, претставува погоден симбол за идентификација со неговите особини.

Фасцинираноста со ова суштество и неговата имплементација во митовите, во верувањата и во обичаите, на еден или на друг начин, се присутни во сите култури што егзистирале во зоната на неговото простирање.

---

[23] Натписот не е соодветно протолкуван, односно, експертизите дадоа неколку различни читања. Затоа на ова место тој нема да се коментира.

[24] Д. Максимовић, *Накит од XII до XV века из збирке Народног музеја,* Београд 1990, 98, 99, кат. бр. 116, 117. Б. Иванић, *Прстење српске средњовековне властеле,* Београд 1998, сл. 17–19, 21-23.[25] Р. Михаљчић, *Крај српског царства,* Београд 1975, сл. 1–38;В. Иванишевић, *Новчарство средњовековне Србије,* Београд 2001, Т. I–VIII. М. Јовановић, *Српски средњовековни новац,* Београд 2001.

[25] Р. Михаљчић, *Крај српског царства*, Београд, 1975, сл. 1–38;

В. Иванишевић, *Новчарство средњовековне Србије*, Београд 2001, Т. I–VIII. М. Јовановић, *Српска средњовековни новац*, Београд 2001.[2]

Како архетип, волкот има многу слоевита и амбивалентна симболика. Моќта да гледа во мракот го чини истовремено и соларно и хтонско битие. Неговата снага, крвожедноста и жестокоста се алегорија за борбеноста и за воинствената екстаза кон коишто се стрмат јунаците.[26]

Божјата оправданост на овие дејствија во менталитетот на средновековниот човек, покрај другото се согледува и преку објаснувањата запишани во Физиологот.[27]

Во бурните времиња на доцното средновековие поимот на волкот се наметнува со своите карактеристики како адекватен личен амблем, како дел од семејниот грб, па дури и како митски предок.[28]

Претставата на овој симбол, како впрочем и на другите вообичаени за наведеното време, може да се јави на разни објекти како што се знамињата, заветните градежни дарови, фасадите на домовите, на садовите, оружјето, особено на штитовите, на облеките, појасите, украсните или утилитарните предмети итн.[29]

---

[26] Состојбата на воинствената екстаза којашто подразбира неранливост на воините и убиствен фурор во борбите, во древната германска митологија е позната под поимот „берсеркр". Тоа подразбира имитирање на грабливците, особено на волкот, со влегување (прекривање) во волчја (мечкина) кожа. М. Елијаде, *Водич кроз светске религије,* Београд 1996, 137. Според сè уште зачуваните преданија во народната митологија на Македонците, демонските суштества – волкодлаците (врколаците) се преобразувале од човек во волк со префрлање на волчјата кожа преку рамо, како магиски чин за преземање на неговата сила и моќ. Т. Вражиновски, *Речник на народната митологија на Македонците,* Прилеп – Скопје 2000, 114.

[27] Во објаснувањата на *Физиологот* „...Волкот е граблив ѕвер. Секогаш со живо месо се храни и кога не наоѓа храна, излегува на широко место и вика до Господа, вели: 'Господи, ти си ме создал и ти не рече да јадам трева ни да гризам дрвја. За друго сум гладен, Господи!' И ја гледа Господ молбата и нема да се оглуши, туку пак се живи...", В. Стојчевска–Антиќ, Средновековен зборoплет, Скопје 1996, 276.

[28] Митот за најстрашниот освојувач од XIII век – Џингис Кан и за легендата дека е потомок на волк е олицетворение на многуте аспекти од верувањата за моќите на волкот кај народите од евро–азиските простори. J. Chevalier – A. Cheerbrant, *Rječnik simbola,* Zagreb 1987, 771.

[29] Ст. Новаковић, Хералдички обичаји у Срба у примени и књижевности, *Годишњица Николе Чупиа,* VI, Београд 1884, 1–141; А. Ивић, *Стари српски печати и грбови,* Нови Сад 1910; М. Ћоровић–Љубинковић, Представе грбова на прстењу и другим предметима материјалне културе у средњовековној Србији, *О кнезу Лазару* (1971), Београд 1975, 171–183., Б. Писарева, Пръстените в изследването на някои елементи на средновековната българска култура, *Известия на Националния исторически музей,* Том IX, София 1992; В. Иванишевић, Развој

Вообичаено е, исто така, амблемот, целосниот грб или одделни елементи од него да се претставуваат и на накитот, пред сè на прстените, но иако поретко тие се среќаваат и кај останатите видови како што се наушниците,[30] копчињата[31] итн.

Многу од наведените предмети, со својата основна улога, зрачат поинакви значења натслојувајќи го хералдичкото толкување и со други сижеа.

Кога се во прашање наушниците, според теоријата за микрокосмичкиот распоред на накитот во однос со човековото тело,[32] местото каде што се употребуваат тие кореспондира со зоната на „ниското небо“ и со месечината како најважно небеско тело во него.

Оттука, обликот на наушниците, меѓу кои спаѓаат и оние од кружниот тип како да се одраз на месечевиот лик, неговото движење и мени, незаобиколно асоцирајќи на животниот, но и на женскиот циклус.

Јазичната дистинкција во македонскиот јазик *млад месец - полна месечина* е реминисценција за сложената симболика на овој набесен објект со која се навестува целоста на двата пола, ме-

---

хералдике у средњовековној Србији, *Зборник радова Византолошког института XLI, Београд 2004, 213–234.* М.Долмова–Лукановска, Пръстените - печати като белег за съсловна принадлежност, *Известия на Регионален исторически музей* – XX Велико Търново 2005, 176–183; С. Филипова, Белешки за мијачкото знаме, *Македонско наследство,* IX, бр. 24, Скопје 2005, 11-27.

[30] За наушницата со двоглав орел и за монограмот на Марија Палеологова, откриени, во Ѓуриште кај Свети Николе, пишувано е во повеќе наврати. В. Aleksova, Oú est enterrée Marie Paléologue, *Arch. Yugoslavica* III, Belgrade 1959, 124–126, T. XV, 4; Е. Манева, *Средновековен накит,* op.cit., 219, Т. 26, 79/1, Т. 102, со цитирана литература. Слични наушници од фундусот на Палеолозите, со нивни монограми, види: *The City of Mystras*, Athens 2001, 166–167. Двоглав орел е откриен и на други предмети од XIV и XV век како што се надгробни споменици, на знамето над градот Скопје, на хоросот од Жича, на сребрената чинија на цар Душан, на прстенот на кралицата Теодора, насликани на ктиторскиот портрет на царица Јелена во Дечани итн. Дали на оваа серија можат да ѝ се приклучат и наушниците на ктиторката Милица од Матка каде се назира птица со раширени крилја – анфас? Види n. 22, **сл. 6**. М. Ђоровић–Љубинковић, Представе грбова, op. cit., 179, сл. 29-32, 36, 38; Е. Манева, *Средновековен накит,* op. cit., 91–93, n. 556.

[31] Амблеми, односно елементи од грбови се идентификувани и на луксузните полутопчести копчиња од сребро: едно е од Ново Брдо на Косово, со двоглав орел, а другото е од посмртната одежда на кнезот Лазар, со претстава на калпак–шлем со рогови. М. Ђоровић–Љубинковић, Представе грбова, op. cit., 177, n. 21, сл. 36.

[32] Б. А. Рьбаков, Язьчество древней Руси, Москва 1987, 576, 577.

тафората на животворноста и цикличното обновување на животот.[33]

Во народните верувања во Македонија, зачувани до денешни дни, волкот е олицетворение на демон – врколак и, како ноќно суштество, се врзува за хтонско-лунарните митови.

Според митологијата на многу европски и азиски народи, волкот ги голта светлината, ѕвездите и сонцето, ја гризе месечината предизвикувајќи ги нејзините мени, за потоа одново да ја поврати.[34]

Волкот прикажан на кружните наушници од водочката варијанта може да биде инкарнација и на ова битие, сместено во ѕвезденото опкружување (од колотести испакнатинки), со зината муцка, како архетип за загриз и мрак. Всушност, тоа е секундарниот аспект од ликовната порака, додека примарниот е, сепак, со хералдички предзнак.[35]

Споредувајќи ги водочките претстави на волк од прстениот со грб **сл. 7** и оној од наушниците, **сл. 2–5,** се забележуваат многу заеднички елементи во изгледот.[36] Така, и двата се прикажани ка-

---

[33] Т. Вражиновски ги посочува најзначајните аспекти во значењето на ова небесно тело во народната митологија кај Македонците. За двополноста, за обединетоста и за раздвоеноста на машко-женскиот принцип, забележано е верувањето дека: „еднаш е машко, другпат женско". Како престојувалиште на душите и предците, месечината е симбол на бесмртноста, среќата и одбрана од демоните, додека растењето и опаѓањето, односно месечевите мени се одраз на ритамот на времето, животот и плодноста; Т. Вражиновски, *Речник,* op.cit., 274–277.

[34] Заедничка особина на кучето, волкот и врколагот во народната митологија на Македонците, е во улогата на психопомп и во врската со „долната земја", – односно со хтонско-лунарните верувања. Волкот и неговата зината муцка се синоними за ноќ, смрт и мрак. Вкоренето е и мислењето, за што има и средновековни пишувани сведоштва, дека виновници за помрачувањето на Сонцето и на Месечината биле демоните–врколаци кои ги јаделе овие небесни тела. Т. Вражиновски, *Речник*, op. cit., 111–115.

[35] Покрај претставите на лав, едноглав или двоглав орел, на разни птици, крилести животни како пегаз или други, фантастични суштества, на крин и на разновидни вегетабилни и геометриски мотиви, на средновековните прстени од Македонија се забележува и мошне стилизирано четириножно суштество коешто, во литературата, вообичаено, се означува како лав. Сепак, според изгледот на главата, би се рекло дека тоа е претстава на волк. Е. Манева, *Средновековен накит*, op. cit., Т. 86–95, особено Т.87, 22/20, 0/17, 54/30, 21/ 7 etc.

[36] Претставата на волк во скок се јавува и како ознака на оружарниците од Пасау во Баварија. Од таму потекнуваат многу ценетите двосечилни мечеви – „волчјаци" чие присуство е забележано и на Балканот, со повеќе десетици наоди, во времето од XIV до XIX век. M. Birtašević, Mačević „vukovci" u jugoslovenskim zbirkama,

ко целосна фигура во профил и во движење, со начулени уши, со зинати муцки, но со различни позиции на главите. Основната разлика е, сепак, во претставувањето на опашката. На прстенот, волчешката опашка е прикажана реално, хоризонтално поставена, додека кај наушниците таа се свиткува продолжувајќи како гранка што се расчаталува со фиданки.

Ако се земе предвид општоприфатената итифалична симболика на опашката и на ветките, како олицетворение на потомството, се наметнува идејата за врската помеѓу овие две претстави на прстенот и на наушниците и за нивната последователност.

Наведениот прстен од Водоча, **сл. 7,** е датиран во последните децении на XIV век, додека наушниците што се предмет на ова



Сл. 7.
Прстен со хералдичка претстава од гробот 196, од Водоча
Illustration 7. Ring with heraldic depiction from grave 196 at Vodoča

---

*Vesnik vojnog muzeja*, br. 13–14, Beograd 1968, 81. Еден примерок на меч „волчјак“ од XIV век е откриен во месноста Блато по текот на Брегалница и претставува единствен наод на средновековен меч од Македонија. Т. Костадиновски, Меч „волчјак“ од XIV век, *Зборник на Музеј на Македонија*, Н. С. бр. 1, Археологија, Скопје 1995, 227–231.

истражување, **сл. 2–5,** се најблиски по својот изглед со оние што ги носи ктиторката Милица од Матка, на живописот од 1497 година.

Ја покажува ли навистина еволуцијата во изгледот на семејниот симбол – волкот (и неговата опашка), временската разлика од стотина години меѓу изработката на прстенот и на наушниците?

Може ли, во недостиг на други поконкретни аргументи (немање остеолошки остатоци и поегзактни показатели за датирање, со методи од природните науки и сл.) да се каже дека во Водоча, во гробовите 196 и 909, биле погребани личности од исто семејство?

Последново прашање останува отворено, но на повеќе дилеми се дадени одговори или барем навестувања што се чинат веродостојни.

Инвентивен мајстор, според желбата на нарачателот и според манирот, односно постојната мода во изработката на наушниците, потврдени и на фрескоживописот од крајот на XV век, изработил еден чифт од нив за дама од видно семејство од Водоча. Како декоративен мотив, употребена е претставата на волк со хералдичка конотација во своето примарно значење и со секундарно надградување со фолклорно сиже од доменот на хтонско-лунарните верувања.

Така се согледува и начинот на којшто раскошните, доцносредновековни, велмошки предлошки на наушници од кружен тип дивергирале и се инфилтрирале во фолклорните форми напојувајќи се со живописната енергија од народните верувања, но истовремено, зачувувајќи ги обележјата и симболиката на хералдичката традиција.[37]

Наодот од гробот 909 претставува прв пример од *водочкаӣа варијанӣа* на кружниот тип наушници.

---

[37] Текстот за водочката варијанта на кружни наушници веќе беше изготвен и предаден за печатење кога претседателот на Хералдичкото здружение на Македонија, Јован Јоновски се огласи со информацијата дека во приватната колекција на хералдичарот Дерек Хауард, во Брисел, открил грбовник со претстава на волк што се поврзува со овие простори. Делото, коешто, за жал, не ми беше достапно за проучување од аутопсија е наведено со следниве податоци: John Fearn, The Blazon of Gentry, T, II, *The glory of generositie*, London 1586, p. 155. Од него е цитирана и репродуцирана претставата на волк во исправена позиција, прикажан

Натамошните истражувања и евентуалните нови наоди ќе понудат попрецизни одговори за бројноста, за просторната и за временска застапеност, за одделни морфолошки и стилски варијации, за нивните носители, за работилниците и за начинот на продукција итн.

(Рецензент: *проф. д-р Иван Микулчиќ*)

---

во круг, што се толкува како кружен штит, со дополнување дека бојата на волкот е сребрена, а на подлогата, црна. Натписот над оваа претстава гласи: *Macedonus, prince of emathya.* Овие податоци, секако, заслужуваат продлабочени, интердисциплинарни анализи. Ј. Јоновски, Сребрениот волк на Македон, *Македонски Хералд*, Година 1, бр, 1, Скопје мај – 2005, 1,14.

Elica MANEVA

# THE VODOČA VARIETY OF CIRCULAR EARRINGS FROM THE LATE 15TH CENTURY


## Abstract

*A pair of earrings of the Vodoča variety of the circular type, specific for their unique design and decoration, was found in the large necropolis discovered at the Vodoča church complex of St. Leonthius in grave 909. Their closest analogy are the specimens painted on the portrait of the donor Milica in the monastery of Matka near Skopje, painted in 1497. It should be noted that the Vodoča earrings may have been used or buried under ground during the 16th century.*

*Their decoration remains unique. A wolf is depicted on their surface, with the heraldic connotation in its original meaning. At a later time, this motif was enriched with the folklore narrative elements from the domain of the chthonic and lunar mythical symbolism.*

*The depiction of a wolf (only slightly changed, especially in the tail) is encountered as part of the complete heraldic illustration (with shield, dagger and inscription) carved on the head of a stamp ring from the end of the 14th century discovered in grave 196 at Vodoča.*

*The question whether they belonged to the members of the same families remains open.*

*It is certain that the earrings were made by an inventive craftsman after the manner and the fashion characteristic of the late 15th century for a lady from a prominent family from these parts.*

*Thus, these earrings bear witness to the continuous presence of resplendent Late Mediaeval aristocratic earring patterns of the circular type; they infiltrated the folklore forms of jewellery, preserving the heraldic tradition, drawing, at the same time, the inspiration from the vigorous energy of folk beliefs.*


***Keywords:*** *NECROPOLIS AT VODOČA, CIRCULAR EARRINGS, VODOČA VARIETY, DONOR MILICA FROM MATKA, HERALDIC, CHTHONIC AND LUNAR BELIEFS.*